**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# ОПШТИНА БЕРОВО

*Одделение за урбанизам*

Врз основа на член 50 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр. 32/20 И 111/23), а согласно Програмата за изработка на урбанистички планови за 2024 година на подрачјето на Општина Берово, со бр. 09-4519/1 од 24.11.2023 година, донесена од Советот на Општина Берово, Градоначалникот на Општина Берово, го дава следното:

## С О О П Ш Т Е Н И Е

**за организирање на Втора Јавна анкета и Јавна презентација,**

по Предлог: **Измена и дополна на УПВНМ за Турист. Населба “БЕРОВСКО ЕЗЕРО”, дел од УРБАН БЛОК 2, со плански опфат помеѓу: ул. „Новопланирана 10“, ул. „Новопланирана 11“, и ул. Новопланирана 12“, Општина БЕРОВО**

Втората Јавна анкета по Предлог: Измена и дополна на УПВНМ за Туристичка населба “БЕРОВСКО ЕЗЕРО”, дел од УРБАН БЛОК 2, со плански опфат помеѓу: ул. „Новопланирана 10“, ул. „Новопла-нирана 11“, и ул. Новопланирана 12“, Општина Берово, изработен со тех.бр. со Тех. бр. У-07/21 од Септември 2024, изработен од страна на „УРБАН ГИС“ Д.О.О. Куманово, кој опфаќа простор со површина од 38.555,32 м$^2$, утврден од Советот на Општина Берово, од повеќе катастарски парцели, КО Берово, вон-град, со Одлука за организирање на Втора Јавна Анкета и Јавна Презентација со Бр. 20-3608/1 од 04.11.2024 год, ќе се спроведе со доставу-вање повик до учесниците со Соопштение, преку информацискиот систем Е-урбанизам, со објава на веб-страната на Општината и со огласување на Предлог планот на огласна табла во зградата на Општина БЕРОВО.

**Втората Јавна анкета ке трае најмалку 10 дена, и тоа од 22.11.2024 год. до 06.12.2024 год, секој работен ден од 7,30 до 15,30 часот.**

**Втората Јавна презентација ќе се одржи на ден 02.12.2024 година, (Понеделник) во 13,00 часот,** во просториите на Општина Берово – Мала сала.

Учесниците во јавната анкета можат своите забелешки и предлози по нацрт или предлог планот да ги доставуваат на донесувачот во писмена форма преку анкетни листови, како и по електронски пат преку информацискиот систем е-урбанизам, или преку веб адресата на донесувачот.

Градоначалникот на општината, формира комисија која треба да изработи Извештај од спроведена Втора Јавна анкета и презентација, со образложение за прифатените и неприфатените забелешки за урбанистичкиот план, и да го извести секој учесник во јавната анкета што поднел анкетен лист за содржината на извештајот од јавната анкета, со образложение за прифаќање или неприфаќање на неговите забелешки или предлози, при што лицата кои поднеле анкетен лист во електронска форма се известуваат преку информацискиот систем е-урбанизам или по електронска пошта, а лицата кои поднеле анкетен лист во хартиена форма се известуваат по писмен пат.

**Бр. 20-3608/3**
**04.11.2024 год.**
**Б е р о в о**

**Со Овластување:**
**ОПШТИНА БЕРОВО**
**Одделение за Урбанизам**
**Раководител**

**МИШО ДОГАЗАНСКИ, дги**